Јавна установа Национален парк
Галичица Охрид

**ЈАВЕН ПОВИК**

Се повикуваат сите заинтересирани коминтенти (купувачи) на целата дозначена (маркирана) дрвната маса во пододделите 20а и 44а во Шумско-стопанската единица Галичица 2, во Национален парк Галичица, да се пријават на повикот на Јавната установа Национален парк Галичица (ЈУНПГ), Охрид, Република Северна Македонија.

ЈУНПГ на најтранспарентен начин отпочнува со склучување на купопродажен договор, со подобен заинтересиран субјект кој ќе се пријави на овој повик и кој ги исполнува условите од повикот, прописите и критериумите донесени од установата.

Субјектите кои се заинтересирани за склучување на купопродажен договор и кои ги исполнуваат критериумите мора да поднесат "**БАРАЊЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА КУПОПРОДАЖЕН ДОГОВОР**".

Образецот на барањато може да се преземе од веб страната www.galicica.org.mk, или лично од просториите на Инфо центарите во Охрид или Стење.

**Во прилог на барањето за купување на дозначената дрвна маса треба да се достави:**

- Тековна состојба од правното лице издадена од Централен регистар, не постара од 6 месеци
- ДРД обрзаец издаден од Централен регистар

Барањето со наведените документи од правните лица треба да се достави по пошта или во просториите на ЈУНПГ на ул.Велестовски пат бб, Охрид или на e-mail galicica@galicica.org.mk .

**ЈУНПГ ќе прима барања за склучување на купопродажен договор со купувачи кои немаат неподмирен долг и немаат спор со јавната установа.**

I. Предмет на јавниот повик

Предмет на јавниот повик е продажба на целата дозначена (маркирана) дрвната маса во пододделите 20а и 44а во Шумско-стопанската единица Галичица 2, во Национален парк Галичица. Дозначени (маркирани) се:

1. Во пододделот 20а

- 146 стебла Црн бор, со просечен дијаметарт на градна височина од 29,49 цм и просечна височина од 20 метри;
- 131 стебло Бел бор, со просечен дијаметар на градна височина од 31,13 цм и просечна височина од 20 метри;
- 303 стебла Свилен/Вајмутов бор (*Pinus strobus*), со просечен дијаметар на градна височина од 31,40 цм и просечна височина од 18 метри; и
- 53 стебла Дуглазија, со просечен дијаметар на градна височина од 40,04 цм и просечна височина од 26 метри.

2. Во пододделот 44а

- 196 стебла Црн бор, со просечен дијаметарт на градна височина од 43,25 цм и просечна височина од 24 метри;
- 91 стебло Бел бор, со просечен дијаметар на градна височина од 30,61 цм и просечна височина од 22 метри; и
- 84 стебла Дуглазија, со просечен дијаметар на градна височина од 39,74 цм и просечна височина од 26 метри.

При определувањето на количината на дрвната маса при утовара, ќе се минусира кората и тоа за црн бор 4 цм, за бел бор и стробус 3 цм и за дуглазија 2 цм.

**Продажбата на дрвната маса се врши на корен.**

II. Право на учество

Право на учество имаат правни лица кои имаат:

- Регистрирано склад за промет на дрво и дрвни сортименти;
- Сопствена пилана или имаат договор за повеќегодишен закуп на пилана. Сопственик на пилана која е дадена на повеќегодишен закуп нема право за склучување на договор;
- Сопствени вработени кои поседуваат лиценца согласно член 65-б од Законот за шумите за извршување на стручни работи во шумарство или имаат договор со лица кои поседуваат лиценца за извршување на стручни работи во шумарство.

III. Рок за доставување на барања

Рокот за доставување на барање за склучување на купопродажен договор е најдоцна до 09.04.2021 година, до 14.00 часот;

IV. Рок за извршување на договорот

Рокот на извршување е до целосно исполнување на обврските определени со договорот. При тоа, рокот за исполнување на договорените обврски за пододделот 44а, неможе да биде подолг од 15 јуни 2021 година, а за пододделот 20а, неможе да биде подолг од 15 мај 2022 година.

V. Цена на дрвните сортименти и начин на плаќање

Дрвните сортименти односно ПИЛАНСКИТЕ ТРУПЦИ, ТЕНКАТА ОБЛОВИНА (ситно техничко и обло техничко), ОСТАТОЦИТЕ ОД СЕЧА и ДРВОТО ЗА ЧИПС, ќе се продаваат согласно ценовникот на

Јавната установа Национален парк Галичица кој е достапен на веб страната на паркот и е идентичен со ценовникот на Јавното Претпријатие Национални Шуми.

Плаќањето на дрвните сортименти мора да се врши авансно. Минималниот износ на уплатениот аванс мора да изнесува најмалку 200.000,00 денари. Авансот мора да се надополни по искористување на максимум на 80 % од депонираниот аванс.

VI. Начин на извршување на договорот

1. Правното лице со кое ќе биде склучен договорот има обврска да ги спроведе сите фази:

   - Сеча на сите дозначени (маркирани) стебла;
   - Дотур (извлекување) на сите посечени стебла односно дрвните сортименти добиени од нив, до извозен пат;
   - Утовар и транспорт на сите дрвни сортименти; и
   - Воспоставување на шумски ред при што, од пододделот 44а потребно е да се извлечат сите врвови од пресечените дрва и крупните гранки. Ќе се смета за предност при изборот на правното лице со кое ќе се склучи купопродажен договор ако тоа понуди извлекување на врвовите и крупните гранки и од пододделот 20а.

Правното лице со кое ќе биде склучен договорот има обврска редовно да ја информира Јавната установа Национален парк Галичица за деновите во кои ќе ги извршува работите во пододделите.

VII. Критериум за избор

Критериум за избор на правно лице е купување на целата дозначена (маркирана) дрвна маса која е предмет на повикот, кое ги исполнува условите/барањата наведени во повикот и ја доставиле потребната документација.

Доколку повеќе правни лица ги понудат истите услови и ги исполнуваат барањата наведени во повикот, во тој случај ќе се избере правното лице кое прво поднело Барање за склучување на купопродажен договор и соодветна документација предвидена во јавниот повик.

За подетални информации заинтересираните можат да се јават во дирекцијата на ЈУНПГ, ул. Велестовски пат бб, Охрид, или на тел.**046/261-473** .

**Напомена: ЈУНПГ не е ДДВ обврзник.**

**ЈУНП Галичица**

**В.Д. Д и р е к т о р**

**Александар Миљовски**